**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ**

**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

Општина Петровец
Управни и административни органи и тела
Бр. 09-2795/4
06.12 2021 год.
ПЕТРОВЕЦ

Градоначалникот на Општина Петровец, решавајќи по барањето на Друштво за проектирање, градежништво, трговија и услуги УРБАН ПЛАННЕР ДООЕЛ, Гостивар, поднесено под број 09-2795 од 2021 година, врз основа на член 44 став 7 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.С. Македонија бр.32/20) го донесува следното:

**РЕШЕНИЕ**

СЕ ОДОБРУВА ПЛАНСКА ПРОГРАМА за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за фотоволтаична централа, Е 1.13 - површински соларни и фотоволтаични електрани на КП БР. 1264, КП БР. 1265 и дел од КП БР. 1259/1 КО Ќојлија, Општина Петровец, за инвеститор МАД ДИЗАЈН ДООЕЛ Скопје изработена од Друштво за проектирање, градежништво, трговија и услуги УРБАН ПЛАННЕР ДООЕЛ, Гостивар.

Образложение

Друштво за проектирање, градежништво, трговија и услуги УРБАН ПЛАННЕР ДООЕЛ, Гостивар поднесе барање за одобрување на ПЛАНСКА ПРОГРАМА за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за фотоволтаична централа, Е 1.13 - површински соларни и фотоволтаични електрани на КП БР. 1264, КП БР. 1265 и дел од КП БР. 1259/1 КО Ќојлија, Општина Петровец заведено под број 09-2610 од 2021 година.

Со барањето ја достави следната документација:
- Предлог Планска програма,
- Прифатена иницијатива,
- Геодетски елаборат за посебни намени ажурирана геодетска подлога
- Извршена уплата на административна такса.

Комисијата за урбанизам на општина Петровец формирана од Градоначалник со решение бр. 08-1746 од 29.06.2021 година, по разгледување на доставената документација се произнесе позитивно за одобрување на Предлог Планска програма со Мислење заведено под број 09-2795/3 од 02.12.2021 година.

Врз основа на Мислењето од Комисијата за урбанизам а согласно член 44 став 7 од Законот за урбанистичко планирање Градоначалникот на општина Петровец донесе Решение како во диспозитивот.

Упатство за правно средство: Против ова Решение барателот може да поднесе жалба во врок од 15 дена од денот на приемот до Министерот кој раководи со органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, со уплата од 250 денари адм. такса.

Раководител во одд.
Лилјана Величковиќ, диа
Л. Величковиќ

ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ
Градоначалник
Борче Митевски, дипл.есс